РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-5330/6
31-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од група познати подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99 - та седница, одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр.09-5330 од 16.11.2023 година, оформен по доставена пријава против службеното лице -----, член на Управен одбор на ЈП -------, **СЕ ЗАПИРА.**

По проверка и анализа на наводите, ДКСК утврди дека нема повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради што нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на група познати подносители, на ден 16.11.2023 година поднесена е пријава и оформен е предмет број 09-5330 против лицето -----, кој според наводите во пријавата во ноември 2021 година е именуван за член на Управен одбор на ЈП -----, а ова лице е зет за ќерка на сопственикот на правното лице ------, со која што е склучен договор за набавка на храна за вработените во ЈП -----. Од овие причини пријавителот изразува сомневање дека -----, како член на Управниот одбор имал сознанија за критериумите кои биле предвидени во тендерската документација и со ова го ставиле во поповолна положба правниот субјект ------ пред останатите економски оператори кои аплицирале на јавниот оглас.

Понатаму, пријавителот наведува дека со ова постапено е спротивно на член 72 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи именуваниот не презел мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес, ниту побарал мислење од ДКСК како надлежна институција.

Согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите од пријавата, ДКСК пристапи кон прибирање податоци и информации, по што го утврди следното:

Од податоците и документацијата обезбедена од ----- се констатира дека Советот на Општина со решение бр.08----/1 од 15.11.20-- година го именувал ------- за член на Управниот одбор. Исто така, во прилог на одговорот е доставена комплет документација во врска со постапката за јавна набавка на Храна за вработените бр.--------/20-- за доделување на договор за јавна набавка и тоа: одлука за јавна набавка,

понудите по објавениот оглас, тендерската документација за набавка на стока за храна на вработените, записник од отворање на понудите, прашање во евалуација,извештај од спроведената постапка, известување за доделување на договор за јавна набавка, изјави за непостоење на судир на интереси согласно Законот за јавните набавки, Одлука за избор на најповолна понуда, Договор за набавка на стоки

Во одговорот доставен од ВД Директорот на ЈП -----, се наведува дека Управниот одбор на почетокот на годината само ја донесува Одлуката за усвојување на годишниот план за јавни набавки, но при тоа не се утврдуваат критериумите предвидени во тендерската документација, па оттука ----- ниту знаел, ниту можел да влијае.

Исто така, ДКСК заради правилно и целосно утврдување на фактичката состојба, во постапката обезбеди одговор и од лицето -----, кој наведува дека Годишниот план за јавни набавки го изготвуваат стручните служби во Претпријатието согласно нивните процени и очекувања.Како член на Управниот одбор единствено учествувал при донесување на Одлука за усвојување на годишниот план, во кој се наведени претпоставените потреби за спроведување на јавни набавки за стоки, услуги и работи, кои подоцна во текот на годината, може, но и не мора, да се реализираат преку спроведување на соодветни постапки. Наведува дека не учествувал и немал контакти со лицата од Комисијата која ја подготвува тендерската документација и ја спроведува постапката за јавна набавка.

ДКСК ја разгледа доставената документација и обезбедените одговори, по што анализирајќи ги истите, констатира дека ------ нема учествувано во постапката, ниту пак има доказ дека на некој друг начин учествувал, односно влијаел во изработката на тендерска документација (изработка на техничка спецификација) во предметната набавка.

Оттука, се констатира дека точни се наводите од пријавата дека основачот на ---е татко на -------------, која е сопруга на лицето ----член на Управниот одбор, но во вршењето на оваа функција, ДКСК констатира дека во критичниот период кој се наведува во пријавата, не може да се потврди влијанието од негова страна бидејќи ова лице не постапувало ниту пак одлучувало откако бил објавен огласот за предметната набавка, врз основа на што би се констатирало повреда на законските одредби што пропишуваат судир на интереси.

Врз основа на наведеното ДКСК не утврди околности кои укажуваат на постоење судир на интереси и повреда на одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што на 99-та седница констатира дека нема елементи за натамошно постапување и се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
К.З. раководител
С.П.Д. член на ДКСК